**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 31 март 2017 година

## Соопштение за печат

## Позначајни промени кај надворешниот долг, надворешните побарувања и меѓународната инвестициска позиција: четврт квартал 2016 година

**Нето надворешниот долг,** на крајот на 2016 година, изнесува 2.670 милиони евра и забележа квартален раст од 77 милиони евра. Притоа, растот на приватниот нето-долг (за 100 милиони евра) е главен двигател на растот на вкупниот нето-долг на квартална основа, при квартален пад на јавниот нето-долг од 23 милиони евра. На 31.12.2016 година **бруто надворешниот долг** на Република Македонија изнесува 7.253 милиони евра и забележа квартално намалување од 260 милиони евра. **Бруто надворешните побарувања** на крајот на годината изнесуваат 4.583 милиони евра и, исто така, бележат квартално намалување за 338 милиони евра.

Негативната **нето меѓународна инвестициска позиција,** на крајот на 2016 година, изнесува 5.732 милиона евра, при што најголемиот дел (81,8%) од овој износ се нето-обврски врз основа на директни инвестиции, од кои 73,6% се врз основа на сопственички капитал. Позицијата бележи квартален раст од 154 милиони евра и годишен раст од 649 милиони евра.

### Надворешна задолженост и меѓународна инвестициска позиција на Република Македонија

| | 31.12.2015 | | 30.09.2016 | | 31.12.2016 | | квартална промена | | | промена во однос на крај на претходна година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % | п.п. | мил. евра | % | п.п. |
| **Бруто надворешен долг** | **6,290.5** | **69.4** | **7,513.4** | **76.2** | **7,253.2** | **73.5** | **-260.3** | **-3.5** | **-2.6** | **962.6** | **15.3** | **4.1** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО*** | ***6,290.5*** | ***69.4*** | ***7,161.0*** | ***72.6*** | ***7,253.2*** | ***73.5*** | **92.1** | **1.3** | **0.9** | **962.6** | **15.3** | **4.1** |
| Долгорочен долг | 4,949.5 | 54.6 | 5,612.4 | 56.9 | 5,657.6 | 57.4 | 45.3 | 0.8 | 0.5 | 708.1 | 14.3 | 2.7 |
| Краткорочен долг | 1,341.0 | 14.8 | 1,901.1 | 19.3 | 1,595.5 | 16.2 | -305.5 | -16.1 | -3.1 | 254.5 | 19.0 | 1.4 |
| Јавен долг | 2,933.7 | 32.4 | 3,891.1 | 39.5 | 3,445.5 | 34.9 | -445.6 | -11.5 | -4.5 | 511.8 | 17.4 | 2.6 |
| Приватен долг | 3,356.9 | 37.0 | 3,622.3 | 36.7 | 3,807.7 | 38.6 | 185.4 | 5.1 | 1.9 | 450.8 | 13.4 | 1.6 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **4,039.4** | **44.6** | **4,921.1** | **49.9** | **4,583.4** | **46.5** | **-337.7** | **-6.9** | **-3.4** | **544.0** | **13.5** | **1.9** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО*** | ***4,039.4*** | ***44.6*** | ***4,568.0*** | ***46.3*** | ***4,583.4*** | ***46.5*** | **15.3** | **0.3** | **0.2** | **544.0** | **13.5** | **1.9** |
| **Нето надворешен долг** | **2,251.2** | **24.84** | **2,592.3** | **26.29** | **2,669.8** | **27.07** | **77.5** | **3.0** | **0.8** | **418.6** | **18.6** | **2.2** |
| **МИП, нето** | **-5,082.7** | **-56.09** | **-5,577.5** | **-56.55** | **-5,731.6** | **-58.12** | **-154.1** | **2.8** | **-1.6** | **-648.9** | **12.8** | **-2.0** |

* Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2015 година е претходен, додека за 2016 година е проценет податок (извор: Соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија“ од 9.3.2017 година, ДЗС).
Извор: НБРМ, ДЗС.

## *Бруто надворешен долг*

Бруто надворешниот долг, на 31.12.2016 година, изнесува 7.253 милиони евра или 73,5% од БДП.

На квартална основа, бруто надворешниот долг е намален за 260 милиони евра (или 3,5%), при што, доколку се исклучи ефектот од обврските на монетарната власт (централната банка) врз основа на репо-трансакциите на Народната банка во рамки на управувањето со

девизните резерви[1], бруто надворешниот долг е зголемен за 92 милиона евра (или за 1,3%). Растот на бруто надворешниот долг, во четвртиот квартал на 2016 година, во целост се должи на растот на приватниот долг за 185 милиони евра, додека јавниот долг бележи намалување за 93 милиони евра (со исклучен ефект од репо-трансакциите). Притоа, кај јавниот долг (без репо-трансакциите) бележиме намалување на долгот кај секторот „држава“ за 145 милиони евра, додека јавните претпријатија и банките бележат раст на долгот за 50 милиони евра.







Извор: НБРМ.

Во однос на крајот на 2015 година, бруто надворешниот долг е повисок за 963 милиони евра (или 15,3%), при зголемување на долгот на јавниот сектор за 512 милиони евра, а на приватниот сектор за 451 милион евра. Најголем дел од растот на јавниот долг се должи на новата емисија на еврообврзници, во третиот квартал од годината. Од аспект на институционалните сектори, во споредба со крајот на годината растот главно е распределен помеѓу секторот „држава“ (421 милион евра), останатите сектори[2] (269 милиони евра) и меѓукомпанискиот долг (266 милиони евра).

## ***Бруто надворешни побарувања***

Бруто надворешните побарувања, на крајот на 2016 година, изнесуваат 4.583 милиони евра, односно 46,5% од БДП.

[1] При склучувањето на репо-трансакциите, се создаваат обврски (класифицирани под категоријата „заеми“) коишто придонесуваат за зголемување на нивото на бруто-долгот. Истовремено, при склучувањето обратни репо-договори, создадените побарувања придонесуваат за зголемување на бруто-побарувањата. НБРМ врши истовремено врзано склучување репо и обратни репо-договори, во речиси идентични износи. Гледано во целина, бидејќи истовремено се склучуваат, на нето-основа овие трансакции имаат неутрален ефект, односно се јавуваат во речиси идентичен износ и на страната на обврските, и на страната на побарувањата, поради што не се одразуваат на вкупниот нето надворешен долг.
[2] Останатите сектори опфаќаат: останати финансиски институции, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

На квартална основа, побарувањата од нерезидентите се намалени за 338 милиони евра (или 6,9%), додека со исклучен ефект од обратните репо-трансакции на централната банка, побарувањата од нерезидентите се зголемени за 15 милиони евра, како резултат на зголемени побарувања кај приватниот сектор за 85 милиони евра и намалени побарувања кај јавниот сектор за 70 милиони евра.

На годишна основа, во споредба со крајот на 2015 година, побарувањата од нерезидентите бележат раст за 544 милиони евра (или 13,5%), при посилен раст кај јавните побарувања за 306 милиони евра. Гледано од аспект на институционалните сектори, позначаен придонес за збирниот раст на надворешните побарувања во 2016 година имаат централната банка (321 милион евра), меѓукомпаниските побарувања (177 милиони евра) и останатите сектори (49 милиони евра).







Извор: НБРМ.

## ***Нето надворешен долг***

Како резултат на поизразеното квартално намалување на бруто надворешните побарувања (за 338 милиони евра), наспроти намалувањето кај бруто надворешниот долг (за 260 милиони евра), нето надворешниот долг е зголемен за 78 милиони евра и на крајот на 2016 година изнесува 2.670 милиони евра (27,1% од БДП). Нето-долгот на приватниот сектор и натаму има најголемо учество во вкупниот нето-долг (59,7%).

Во споредба со крајот на 2015 година, нето надворешниот долг е зголемен за 419 милиони евра, со сличен придонес кон растот на приватниот и јавниот сектор (за 213 и 206 милиони евра, соодветно).







Извор: НБРМ.

***Меѓународна инвестициска позиција, нето***

Во текот на четвртиот квартал на 2016 година, негативната нето меѓународна инвестициска позиција (МИП) е зголемена за 154 милиони евра, достигнувајќи износ од 5.732 милиона евра (58,1% од БДП) на крајот на 2016 година.

Кварталниот раст на негативната нето МИП е резултат на посилното намалување на средствата (за 349 милиони евра), во однос на намалувањето на обврските (за 195 милиони евра). Додека, анализирано по инструменти, кварталниот раст произлегува од идентичен раст на нето-обврските врз основа на сопственички и должнички инструменти (по 77 милиони евра кај двете компоненти).

Во збирниот годишен раст на негативната нето МИП (649 милиони евра) поголем придонес има растот на нето-обврските врз основа на должнички инструменти (419 милиони евра), при раст на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти за 230 милиони евра.







Извор: НБРМ.

***Ревизии на податоците***

Податоците за бруто надворешниот долг и побарувања, како и за меѓународната инвестициска позиција во ова соопштение содржат редовни ревизии на податоците за периодот јануари – септември 2016 година. Позначајните ревизии главно произлегуваат од новите податоци добиени од кварталните извештаи за остварениот и планираниот финансиски резултат во тековната година на друштвата со вложувања од странство. Ревизијата на податоците доведе до повисок нето-долг во третиот квартал на 2016 година за 6 милиони евра, како и повисока негативна нето меѓународна инвестициска позиција за 89 милиони евра.

***Придружни информации***

Временски серии податоци – годишни и квартални податоци за бруто надворешниот долг и бруто надворешните побарувања:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-podatotsi6b5c8e8e.nspx

Временски серии податоци – годишни и квартални податоци за меѓународната инвестициска позиција:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-podatotsi6a1d834a.nspx

Квартални информации за бруто надворешниот долг, бруто надворешните побарувања и меѓународната инвестициска позиција:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-informatsii.nspx

Методолошки појаснувања за бруто надворешниот долг и побарувања:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-podatotsi6b5c8e8e.nspx

Методолошки појаснувања за меѓународната инвестициска позиција:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-podatotsi6a1d834a.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување на податоците:
http://nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Квартален бруто надворешен долг, бруто надворешни побарувања и меѓународна инвестициска позиција: 30 јуни 2017 година (референтен пресек заклучно со март 2017 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).

Народна банка на Република Македонија
Дирекција за статистика